Република Северна Македонија
**Јавно претпријатие колекторски систем**

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ - СКОПЈЕ


**Република**
**Северна Македонија**

**Јавно претпријатие**
**Колекторски систем Скопје**

**ЕМБС:** 7326041
ул.Пушкарска бр.33-лок.11
Скопје-Чаир,
подружница Охрид
Бул.Туристичка 77 влез 1 кат
1 дел простор 2, Охрид,
Република Северна
Македонија


Бр. 03-268/3

Дата: 17.06.2021
Скопје

**Изработил:**
**М-р Диел Зиба**
**Дипл. Екк. Јовче Мирчески**
**Дипл. Екк. Наташа Здравевска Мострова**

**Одобрил:**
**Зам.дир. Фатон Положани**

Република Северна Македонија
**Јавно претпријатие колекторски систем**

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ - СКОПЈЕ
# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА
# ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје 2021

Република Северна Македонија
**Јавно претпријатие колекторски систем**

Имајќи ги во предвид препораките на сите меѓународни организации на ЕУ и пошироко, стратегиите и антикоруптивните политики на Владата на Република Северна Македонија, , реформските активности за подобрување на квалитетот на јавните институции, Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси со кој се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања, како и сите досегашни искуства на МЈП Проаква Струга и ЈП Колекторски Систем - Скопје како правен следбеник на МЈП Проаква Струга, В.Д. Директорот на ЈП Колекторски Систем Скопје донесува

## Антикорупциска Програма на ЈП Колекторски Систем - Скопје за 2021 година

Заради успешна реализација на годишната програма за работа на Јавното Претпријатие Колекторски Систем за 2021 година, приоритет во делокругот на ова претпријатие е и борбата односно спречувањето на корупцијата и судирот на интереси без никаква толеранција за истите.

Под поимот корупција во надлежностите на ЈП Колекторски Систем Скопје се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Поимот корупција, ги опфаќа и поимите на:

- пасивна корупција како намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- активна корупција во која спаѓа намерното делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Како акти на корупција ќе се сметаат:

- секоја услуга што се коси со законските норми и е надвор од стандардната процедура и законски предвидени рокови и постапки, направена со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг;

- преземање на дејствија кои се законски пропишани или произлегуваат од закон, со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг;

- преземање на дејствија кои не се пропишани со закон нити произлегуваат од закон, со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг;

- непреземање на дејствија кои се законски пропишани или произлегуваат од закон, со цел стекнување на корист, предност, погодност или интерес за себе или за друг.

Под поимот материјална или нематеријална корист, предност, погодност или интерес се подразбира секоја добивка без разлика на нејзината големина или вредност, како и секоја нефинансиска добивка, без разлика на нејзиниот вид, форма или содржина.

Под поимот финансиска корист или интерес се подразбира секоја добивка без разлика на нејзината големина или вредност. За корист или интерес се смета и секоја нефинансиска добивка, без разлика на нејзиниот вид, форма и содржина.

Под индиректна инволвираност во корупција се подразбирааат сите случаи во кои користа, предноста, погодноста или интересот се ветени, понудени, дадени, побарани, прифатени или очекувани преку трето лице, односно преку посредник.

Корупцијата ги отвара вратите на сите облици на криминал, претставува штетен и опасен феномен, со кој се соочуваат не само малите земји во транзиција, туку и големите земји, со неспоредливо голема демократска традиција.

## 1. Антикорупција во Јавното претпријатие Колекторски Систем - Скопје

Директорот на Јавното претпријатие, неговите најблиски соработници, целокупната раководна структура на претпријатието, по пат на правилен персонален менаџмент преку личен пример, низ секојдневната работа и однесување, потребно е со своето однесување да дадат до знаење дека ќе сторат се што е во рамките на нивната лична и професионална должност да ги спречат, откријат, истражат и соодветно санкционираат сите појавни облици на корупција во работењето на јавното претпријатие.

Раководството на претпријатието, на сите нивоа треба да обезбеди оптимални услови за работа на вработените и да им обезбеди морална и правна помош во сите случаи каде истото е потребно. Со своја лична посветеност кон работата и цврстина во раководењето да дадат до знаење дека никој нема да биде исклучок при утврдувањето на одговорноста во случај на коруптивно однесување.

Раководителите со закон се должни да воспостават контролни механизми и правилници за работа, временски ограничувања на работните задачи и делување на административните службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица, со што ќе се овозможи безбедно поле на работа со исклучиво тесен и контролиран простор на делување со неможност за било какви обиди за коруптивно однесување.

## 1. Спречување на корупцијата во делокругот на работењето на ЈП Колекторски Систем

Јавното Претпријатие Колекторски Систем – Скопје е претпријатие основано од страна на Владата на Република Северна Македонија со основна дејност Третман на отпадни води.

Финансискиот карактер на претпријатието е определен со Самофинансирање, што подразбира дека главен извор на финансиски средства за ова претпријатие е наплатата на услугите врз основа на фактури за третман на отпадни води, доставени до жителите и правните лица на општините Струга и Охрид, во кои моментално ова претпријатие функционира.

### 1.1. Спречување на корупцијата во делот на Правните, општите работи и човечките ресурси

Во сферата на правните и општите работи, одделението и целиот сектор мора да се погрижат во целото претпријатие а особено во овој сектор да нема корупција и сите работни задачи да се извршуваат согласно закон и подзаконски акти, и било каков настан на корупција да се пријави до Директорот на претпријатието кој понатака ќе може да преземе активности за санкционирање на тоа однесување на службеникот.

Секторот за општи и правни работи е тој сектор што на целото претпријатие му дава правна поддршка во смисла на почитување на законските одредби, нивно толкување и нивна примена во пракса, па затоа и во делот на антикорупцијата овој сектор има значајна улога во спречување на корупцијата и во едукација на целото претпријатие во врска со забранетите дејности со закон кои спаѓаат во делот на корупцијата и активностите што треба да се преземат за спречување на истата.

Секторот за правни работи меѓу другото врши и координација на работата на органите за управување на претпријатието како што се Управниот Одбор и Надзорниот одбор на Јавното претпријатие и се труди целата нивна работа да биде усогласена со сите законски одредби и да се спречи било каков

обид за коруптивно однесување во врска со нивната работа во претпријатието.

Претпријатието јавно ги објавува именуваните членови во органите на управување (Управниот и Надзорниот одбор), како и времетраењето на нивните мандати, поткрепени со Одлука донесена од страна на Основачот. Секоја промена задолжително се објавува веднаш по нејзиното донесување. При изборот на членови на органите на управување од круцијално значење е да се почитуваат одредбите како не би постоел судир на интереси помеѓу избраните членови на начин што секој од нив ќе поднесе соодветна изјава за непостоење судир на интереси.

Потребно е да се изготви етички кодекс со кој ќе бидат точно утврдени санкциите кои ќе следат како последица на прекршување на некое од пропишаните правила на работење на претпријатието, како би се развила свеста на вработените во поглед на одговорноста која секој од нив ја сноси при работата.

Секторот за општи и правни работи мора да работи на тоа да ги увиди секојдневно сите потенцијални настани на корупција или судир на интереси, и секогаш да биде усогласен со сите правни одредби за спречување и санкционирање на корупцијата и судирот на интереси.

Во сферата на човечките ресурси корупцијата мора да се спречи, на тој начин што сите активности во делокругот на ова одделение, како што се постапките за вработување, дисциплинските постапки, постапките за унапредувања на вработените, да бидат согласно сите законски и подзаконски одредби и во согласност и со Уставот на Републиката и Меѓународните ратификувани акти.

Раководителот на ова одделение мора да се погрижи неговото одделение да биде чисто од корупција и да биде пример за антикорупција, односно ниеден службеник во ова одделение да не смее да се подмити или корумпира за вршење на некоја работа од неговиот делокруг.

Претпријатието спроведува интерно оценување на вработените согласно законот за административни службеници и законот за вработените во јавниот сектор, која подразбира постапка во која вработените на претпријатието на секое полугодие се оценуваат меѓу себе, ги оценуваат нивните непосредни подредени работници, и се оценуваат од страна на нивните непосредни раководители.

Во оваа постапка истотака е вклучено и надворешно оценување, во кое вработените се оценуваат од страна на лица кои не се вработени во претпријатието туку имале непосредна соработка со вработените.

Со овие активности лицата кои во претпријатието се занимаваат со антикорупциска дејност може многу информации да добијат за тоа дали некој од вработените има склоности на корупциски активности, за потоа да може да се преземат мерки овие активности да се спречат или да се санкционираат.

## 1.2. Спречување на корупцијата во финансиите и јавните набавки

Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје е должно да ги составува финансиските извештаи за работењето во склад со стандардите на финансиско известување и позитивните законски прописи.

Извештаите претпријатието е должно да ги објавува на својата веб страница веднаш по нивното разгледување од страна на органите на управување.

Претпријатието треба постојано да имплементира механизми за зајакнување на финансиското управување и контрола со цел спречување на корупцијата.

Претпријатието постојано ја зајакнува интерната ревизија на начин утврден согласно позитивните прописи за интерното работење. Важно е да се запази сметководственото одделение постојано да делува во склад со ревизорските принципи на

работење и конзистентно и транспарентно да ја евидентира секоја трансакција, и притоа да известува за секој сомнеж за можна корупција или криминал.

Претпријатието на својата веб страна ги објавува направените трошоци за репрезентација за секој квартал од годината со цел транспарентно да известува за издатоците на претпријатието во врска со овој тип на трошоци.

Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финансиските ресурси. Посебно внимание ќе посвети на анализата на недореченостите и пропустите во процесот на јавните набавки.

Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финанисиките ресурси на јавното претпријатие .Јавните набавки ќе се спроведуваат со цел успешно остварување на целите заради кои постои договорниот орган , но во согласност со прописите на финансиското работење. Имено постапките ќе бидат строго наменски и финансиските средства ќе се трошат за набавка на стоки, услуги или работи кои се неопходни за претпријатието да ја извршува својата дејност. Ова се има во предвид при изработувањето на плановите за јавни набавки.

Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни активности и стандарди во борбата против корупцијата.

Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки:

1. Еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти и без ограничување во пристапот на економските оператори во учеството во постапките за јавни набавки.

2. Транспарентноста која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки , достапност на сите информации во врска со јавната набавка за сите заинтересирани и за сите учесници во јавните набавки, како и известувања за исходот од постапката и јавно објавување на склучените договори. Транспарентноста се овозможува и со објавувањето на годишниот план за јавни набавки. Ваквата отвореност на податоците до стручната и пошироката јавност обезбедува поголема отчетност и контрола.

3. Рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

4. Конкуренција помеѓу економските оператори, секој оператор може да учествува во постапкита за јавни набавки во согласност со условите кои се предвидени во тендерската документација.

Оттука неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика.

Потребна е зајакната контрола и надзорот над спроведувањето на договорите за јавни набавки од надлежна организациска единица. Исто така, неопходно е следење на спроведувањето на правилата за транспарентност, правото на пристап до информации и спречување на судир на интереси, како и систематска проценка на ризикот и поставување приоритети во надзорот на јавните набавки.

### 1.3. Спречување корупција во работењето на во Секторот за одведување и прочистување на отпадни води односно техничкиот дел.

Техничкиот сектор е тесно поврзан со финансиите и јавните набавки, поради тоа што нема директна поврзаност со странки и поради директната соработка со јавните набавки.

Во техничкиот сектор мора да се запази сите постапки за набавка на средствата за работа да се извршат преку одделението за јавни набавки при Секторот за финансии, а не директно со набавувачите, бидејќи ова претставува кршење на законот за јавни

набавки и директна можност за корупција (преку земање проценти за посредување и така натаму).

Во делот на техничката област, голема улога во антикорупцијата игра и спречувањето или откривањето на одредени саботажи на работата, на начин што од одредени вработени намерно би се причинувале дефекти на машини, возила или алати за работа, со цел да се набават нови или да се поправат старите, во која ситуација вработениот би имал некаква финансиска корист од страна на претпријатието што би ја вршело набавката или поправката на истите.

Корупцијата во техничкиот дел може да се открие и спречи и во набавката на горива, каде што во многу случаи се случило да се набави голема количина на горива за машини и возила, и голем дел од истата да заврши во посед на вработените за нивна употреба или на трети лица за финансиски надомест.

Ова може да се направи со редовна контрола на потрошувачката на сите машини и превозни средства и со назначување на одговорно лице за нивно одржување и снабдување со гориво кое ќе биде во директен контакт со Раководителот на секторот и со Директорот на претпријатието, за да се минимизира можноста за негово подмитување или корумпирање.

### 1.4. Обврска за имплементација на програмата

Успешна имплементација на антикорупциската програма на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје, значи исполнување на конкретните обврски на Директорот на претпријатието, органите за управување како и раководителите на секторите и одделенијата во рамките на претпријатието.

Во таа насока раководителите на секторите и одделенијата треба да ги реализираат конкретните активности согласно антикорупциската програма, а воедно треба да се назначи и лице или оддел во рамки на одделението за општи и правни работи што ќе се занимава со следење на имплементацијата на самата програма, како и да ги насочува активностите на организационите единици.

Република Северна Македонија
**Јавно претпријатие колекторски систем**

Секоја странка која се соочила со обид за корупција од страна на вработените во претпријатието, може слободно во секој момент да се обрати до одделението за односи со јавноста преку телефон или лично и да го пријави случајот, при што вендаш ќе се преземат мерки за целосно расчистување на случајот и соодветно санционирање на сторителот.

Службениците за односи со јавноста/корисници ќе бидат луѓето со кои секоја странка надворешна или внатрешен вработен ќе биде во можност да пристапи и да пријави случаи на корупција и судир на интереси во работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје.

ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Скопје
В.Д. Директор
Дипл.Инг.Техн. Владимир Алексијоски

Република Северна Македонија * Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие
КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ
Ndërmarrja publike
SISTEMI I KOLEKTORIT
(2)
СКОПЈЕ * SHKUP